# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН

*Број 10* *Август* *2010 година*

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Илинден, 03 Август 2010 година

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) и член 36 од Статутот на Општина Илинден ( Сл.гласник бр.2/05 ) Градоначалникот на Општина Илинден, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлуката за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Илинден за II (втор) квартал од 2010 година бр.07-1461/3 од 29.07.2010 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Илинден за II (втор) квартал од 2010 година бр.07-1461/3 од 29.07.2010 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на 23 ( дваесет и третата ) седница одржана на ден 29.07.2010 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесување а ќе е објави во Службен гласник на Општина Илинден.

**Архив. број 08-1530/1**
**Од 03.08.2010 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/2002 ) и член 32 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007 и 156/2009 ), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 29.07.2010 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

**За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Илинден за II (втор) квартал од 2010 година**

**Член 1**

Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Илинден за II (втор) квартал од 2010 година, доставен до Советот на Општина Илинден.

**Член 2**

Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Илинден за II (втор) квартал од 2010 година е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.07-1461/3**
**Од 29.07.2010 г.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Марјан Милошевски с.р**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) и член 36 од Статутот на Општина Илинден ( Сл.гласник бр.2/05 ) Градоначалникот на Општина Илинден, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Решението за формирање на Комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижности бр.07-1461/4 од 29.07.2010 година**

Се објавува Решението за формирање на Комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижности бр. 07-1461/4 од 29.07.2010 година што Советот на Општина Илинден го усвои на 23 (дваесет и третата) седница одржана на ден 29.07.2010 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесување а ќе е објави во Службен гласник на Општина Илинден.

**Архив. број 08-1530/2**
**Од 03.08.2010 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (Сл. весник на Р.М бр.05/02) и член 5 став 2 од Законот за даноците на имот (Сл. весник на Р.М бр.61/04, 92/07, 102/08), Советот на Општина Илинден на ден 29.07.2010 година донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
**за формирање на Комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот**

**Член 1**

Со ова Решение се формира Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот, во состав:

- Гоце Трајчевски – претседател
- Милка Петковска – член
- Игор Филиповски – член
- Ивица Трипуновски – член и
- Емилија Димитровска – член.

**Член 2**

Мандатот на членовите на Комисијата е во траење од 4 (четири) години.

**Член 3**

Во случај на истек на мандатот од член 2, членовите на Комисијата продолжуваат да ја вршат должноста до избор на нови членови на Комисијата.

**Член 4**

Комисијата од член 1, ќе врши проценка на пазарната вредност на недвижниот имот, во постапка за утврдување на даноците на имот, согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот.

**Член 5**

Ова Решение влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на Општина Илинден.

**Бр. 07-1461/4**
**Од 29.07.2010г.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Марјан Милошевски с.р**

# С О Д Р Ж И Н А

Решение за објавување на Одлуката за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Илинден за II (втор) квартал од 2010 година бр.07-1461/3 од 29.07.2010 година ......................................................................................................стр.1

Одлуката за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Илинден за II (втор) квартал од 2010 година бр.07-1461/3 од 29.07.2010 година...........стр.1

Решение за објавување на Решението за формирање на Комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижности бр. 07-1461/4 од 29.07.2010 година..........................стр.2

Решението за формирање на Комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижности бр. 07-1461/4 од 29.07.2010 година........................................................стр.2-3

Содржина ..........................................................................................................................стр.4